Врз основа на член 10 став (20), член 14 став (5), член 16 став (4), член 21 став (3), член 22 став (2), член 23 став (8), член 24 став (3), член 25 став (3), член 30 став (13), член 47 став (12), член 48 став (7), член 49 став (3), член 50 став (4), член 51 став (2), член 52 став (8), член 53 став (4), член 54 став (3), член 95 став (7), член 96 став (5), член 97 став (5), член 98 став (3), член 99 став (6), член 100 став (6), член 101 став (6), член 103 став (13), член 104 став (4), член 106 став (9), член 107 став (2), член 109 став (8), член 110 став (2), член 112 став (5), член 113 став (2) и член 114 став (18) од Законот за акцизите (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/19, 143/19, 225/19, 275/19, 77/21, 57/22 и 209/23) министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ НА ОДАНОЧУВАЊЕ СО АКЦИЗА НА ЕНЕРГЕНТИ И ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на оданочување со акциза на енергенти и електрична енергија.

Член 2

(1) Акцизна декларација се пополнува со користење на компјутерскиот систем на Царинската управа и се поднесува во електронска форма.

(2) Акцизната декларација содржи податоци за идентификација на акцизниот обврзник, видот на акцизната декларација, периодот за кој се поднесува, податоци за акцизните добра и количините, податоци за акцизните складови, шифрите на акцизните дозволи и одобренија, податоци за акцизните гаранции и документите потребни за пополнување на акцизната декларација во зависност од акцизното добро.

Член 3

(1) Барањето за враќање на платената акциза согласно член 14 став (1) точка 1) од Законот за акцизите (во понатамошниот текст: законот) за акцизните добра кои повторно се внесуваат во акцизен склад треба да биде проследено со испратница и фактура за акцизните добра кои се внесуваат во акцизниот склад, известување во кое се наведени причините за враќање на оданочените добра во акцизниот склад како и доказ за платената акциза.

(2) Во случаи на неплаќање на акциза за акцизните добра кои согласно член 14 став (1) точка 1) од законот повторно се внесуваат во акцизен склад во период пократок од акцизниот период, барањето од став (1) на овој член треба да биде проследено со испратница, фактура и известување во кое се наведени причините за враќање на добрата во акцизниот склад.

(3) Барањето за враќање на платената акциза согласно член 14 став (1) точка 2) од законот треба да биде проследено со записник потпишан од овластени лица од надлежен царински орган, овластени лица од подносителот на барањето за уништување, како и од овластени лица од местото каде се врши уништувањето или денатурирањето на акцизното добро, фактура за набавени акцизни добра, доказ за враќање на акцизното добро, акцизна декларација или увозна царинска декларација која покрај увозните давачки содржи и податок за платена акциза.

(4) Барањето за враќање на платената акциза согласно член 14 став (1) точка 3) од законот треба да биде проследено со извозна царинска декларација со која се потврдува дека стоката го напуштила царинското подрачје и акцизна декларација или увозна царинска декларација која покрај увозните давачки содржи и податок за платена акциза. Во случај на извоз на акцизни добра кои се обележани со акцизни марки се приложува записник оверен од страна на надлежен царински орган кој присуствувал на отстранувањето на акцизните марки од акцизните производи како доказ дека акцизните марки се отстранети од акцизните производи пред извршениот извоз, а во кој е приложен попис на сите отстранети акцизни марки кои физички се предадени на надлежниот царински орган.

Член 4

Акцизната дозвола ги содржи следниве податоци:

- идентификациски број на акцизната дозвола;
- податоци за идентификација на држателот на акцизен склад;
- идентификациски броеви на акцизните складови;
- податоци за локацијата на акцизните складови и нивната намена;
- видови на акцизни добра кои можат да се произведуваат и складираат во акцизните складови со шифри од комбинираната номенклатура и шифрата на акцизното добро;
- обврски на држателот на акцизниот склад;
- податоци за гаранцијата за обезбедување на плаќање на акцизата;
- надлежен орган за надзор над исполнетоста на условите под кои е издадена акцизната дозвола;
- датум на издавање на акцизната дозвола и
- рок на важност на акцизната дозвола.

Член 5

Исполнувањето на условите за издавање на акцизна дозвола наведени во член 21 од законот се докажува со приложување на следните документи:

- решение од Централниот регистар на Република Северна Македонија од кое може да се види дејноста на подносителот на барањето;
- доказ за сопственост или закуп на просториите и/или просторот на акцизниот склад, опремата за вршење на дејноста и мерните уреди;
- потврда за Биланс на успех и Биланс на состојба за последните две години;
- потврда од Централниот регистар на Република Северна Македонија дека против подносителот на барањето не е отпочната постапка за стечај или ликвидација;
- потврда од Централниот регистар на Република Северна Македонија дека против подносителот на барањето не е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност, привремена забрана за вршење одделна дејност и трајна забрана за вршење одделна дејност;
- потврда од основен суд дека подносителот на барањето не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор за сторено кривично дело од областа на даноците и царините;
- потврда од Управата за јавни приходи дека подносителот на барањето редовно ги исполнува даночните обврски, не постара од 30 дена;
- потврда за воспоставени стандарди и процедури во работењето, стандарди за безбедности сигурност на областите на физички интегритет, воспоставени служби за контрола на пристап на вработените и на надворешни лица, назначени одговорни лица за логистички процеси и за ракување со акцизните добра, или потврда за стекнат статус на овластен економски оператор;
- доказ дека подносителот на барањето поседува опрема за исполнување на условите за електронска размена на податоци;
- изјава со која барателот на акцизна дозвола се обврзува дека пред издавање на акцизната дозвола ќе достави гаранција за обезбедување на плаќањето на акцизата;
- потврда од надлежна институција за минимални технички услови кои треба да ги исполнува акцизниот склад;
- потврда од надлежна институција за минимални хигиенско-санитарни услови на акцизниот склад;
- потврда од надлежна институција за исполнети мерки, нормативи и стандарди за заштита при работа на акцизниот склад;
- известување за започнување со вршење на дејност доставено до Министерството за труд и социјална политика – Државен инспекторат за труд;
- записник за извршен инспекциски надзор од областа на безбедност и здравје при работа изготвен од страна на Министерството за труд и социјална политика – Државен инспекторат за труд;
- пријава за исполнување на минимално техничките услови за вршење на трговија и започнување со работа на продажен или друг деловен објект, доставена до Министерството за економија – Државен пазарен инспекторат;
- за производство на енергенти се приложува лиценца за вршење на енергетска дејност преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати издадена од Регулаторна комисија за енергетика и водни

услуги, или лиценца за вршење на енергетска дејност производство на горива наменети за транспорт со намешување на нафтени деривати и биогорива и

- за складирање и трговија на големо со енергенти се приложува лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт издадена од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги.

Член 6

(1) Барањето за издавање на акцизна дозвола ги содржи следните елементи:

- податоци за идентификација на подносителот на барањето (назив, седиште, адреса и податоци за контакт, единствен даночен број);
- податоци за одговорното лице на подносителот на барањето;
- податоци за локациите на просториите што се користат за извршување на акцизната дејност;
- податоци за дејноста која ќе се врши во акцизниот склад во смисла на производство, преработка или складирање на акцизни добра;
- податок за волуменски капацитет на резервоарите;
- име, презиме, адреса на живеење и ЕМБГ на лицето одговорно за работењето со акцизниот склад, определено од страна на барателот со депониран потпис како и име, презиме и адреса на неговиот полномошник, исто така со депониран потпис;
- видови и трговски назив на акцизните добра кои ќе се произведуваат и складираат според тарифните ознаки од номенклатурата на царинската тарифа и
- податоци за планираните годишни количини на производство на акцизни добра, и за планираните годишни количини на складирани акцизни добра по одделни видови.

(2) Кон барањето од став (1) на овој член се приложува следната документација:

- технички опис на просториите и/или просторот на акцизниот склад вклучувајќи и скица на складот и околината на складот;
- бизнис план кој содржи информации за:

а) видот на акцизните добра што треба да се произведат или складираат во акцизниот склад;

б) просечна месечна количина на акцизни добра што треба да се складираат - според

видот на акцизните добра и стапките на акциза;

в) максимална планирана количина на акцизни добра, кои во акцизниот период треба да

се пуштат во слободен промет - по видови добра и стапки на акциза и

г) производствен капацитет за акцизните добра и максимален капацитет на складирање на акцизните добра - по видови добра и стапки на акциза;

- детален нацрт на просторот и обележување на местото каде што точно ќе биде акцизниот склад, како и приказ на сите постројки, опрема и уреди во рамките на истиот со опис на нивната функција и намена, како и локација на мерните уреди;
- информација со податоци за опремата потребна за извршување на акцизната дејност;
- детален опис на дејноста во зависност од видот на акцизниот склад, вклучувајќи и набројување на видовите на постапки што ќе се извршуваат во акцизниот склад;
- технолошка шема со опис на производниот процес, стандардни трошоци, максимални вредности на технолошките загуби и техничка спецификација;
- информација за годишни планирани количини на основни суровини што ќе се користат при производство на акцизни добра и стапки на расходи за финалниот производ;
- опис на начинот на мерење на акцизните добра и податоци за уредите кои овозможуваат мерење на произведените, преработените, складираните и испорачаните акцизни добра согласно со меѓународните стандарди заедно со одобрение од надлежен орган за метрологија;
- информација со податоци за планираните годишни количини на производство на акцизни добра и за планираните годишни количини на складирани акцизни добра по одделни видови;
- опис за начинот на одредување и утврдување на нормативите за производство на акцизни добра;
- детален опис за начинот на одредување и утврдување на губитоците или кусоците во производството, складирањето и транспортот, според одделни видови акцизни добра;
- опис на постапката на испраќање на акцизните добра од акцизен склад по видови акцизни добра и податоци за количина на испратени акцизни добра;
- опис на матерјално и сметководствено следење на работењето на акцизниот склад и
- информација за местото на водење на главното сметководство.

Член 7

Акцизната дозвола се издава со верификација во електронскиот Регистар на акцизни дозволи со одобрени акцизни складови и притоа се доделува единствен регистарски број.

Член 8

Регистарот на акцизни дозволи со одобрени акцизни складови ги содржи следниве податоци:

- идентификациски број на акцизната дозвола;
- идентификациски број на држателот на акцизен склад;
- име и адреса на седиште на држателот на акцизен склад;
- идентификациски број, адреса и намена на акцизниот склад, односно складови;
- вид на акцизните добра со шифри од Комбинираната номенклатура на кои се однесува акцизната дозвола и
- датум на издавање на акцизната дозвола, датум на важност и датум на престанување на важност на акцизната дозвола.

Член 9

(1) Исполнувањето на обврските од член 24 став (1) од законот се врши преку спроведување на надзор и следење на работата на складот, констатирање и пријавување на неправилности и отстранување на истите, спроведување на постојан надзор и контрола на процесите на складирање или производство на акцизните добра согласно условите под кои е издадена акцизната дозвола, надгледување на постапките во акцизниот склад наведени во член 24 став (1) точка 2) од законот со редовно поднесување на акцизни декларации за произведени количини на акцизни добра и акцизни декларации за преработени количини на акцизни добра во случај на преработка на акцизни добра преку користење на компјутерскиот систем на Царинската управа.

(2) Во случаите кои се однесуваат на констатирање на загубите, односно кусоците на акцизните добра во акцизниот склад согласно одредбите од член 24 став (1) точка 3) од законот, исполнувањето на обврските се врши преку испраќање на известување за загуби или кусоци во електронска форма со користење на компјутерскиот систем на Царинската управа.

Член 10

(1) Барањето за измена на акцизна дозвола ги содржи податоците наведени од член 6 од овој правилник.

(2) Кон барањето од став (1) на овој член се доставуваат податоци за предложените измени, нацрти или скици соодветни на бараните измени.

Член 11

(1) Барањето за прифаќање на гаранција за обезбедување на акцизниот долг, треба да ги содржи следните податоци:

- вид на гаранција за која се бара одобрување;
- информации за идентитетот на подносителот на барањето;
- податоци за акцизните добра за кои ќе се употребува гаранцијата и
- општи услови за одобрување на гаранцијата кои опфаќаат регистрација на акцизниот обврзник во Република Северна Македонија, редовност во акцизните постапки, добра финансиска состојба, подготвеност за водење на транспортни операции.

(2) Барањето од став (1) на овој член се поднесува на Образецот АК-БГ даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 12

Висината на износот за обезбедување на акцизниот долг за држател на акцизен склад се пресметува според следната формула:

$$Г = \frac{20 \times АСС1 + 100 \times АСП}{100}$$

при што:

- Г е износ на гаранција;
- АСС1 е износ на акциза за просечна месечна количина на складирани акцизни добра за секој вид акцизно доброи
- АСП е износ на акцизата на просечна месечна количина на акцизни добра пуштени во слободен промет по ставка за секој вид на акцизни добра.

Член 13

(1) Висината на износот за обезбедување на акцизниот долг за повластен корисник се пресметува според следната формула:

$$Г = \frac{50 \times ПКАД}{100}$$

при што:

- Г е износ на гаранција и
- ПКАД е износ на акциза за годишна планирана количина на акцизни добра наменети за повластено користење.

(2) Акцизата за планираната количина на акцизни добра се утврдува врз основа на податокот за секој поединечен вид на акцизно добро кое се планира да биде користено во текот на годината и кое е одобрено и содржано во одобрението за повластено користење.

(3) При зголемување на планираните годишни количини на акцизни добра за повластено користење треба да се усогласи висината за обезбедување на акцизниот долг согласно формулата од став (1) на овој член и новите планирани количини на акцизни добра.

Член 14

(1) Барањето за остварување на правото на враќање на платената акциза согласно член 47 од законот содржи податоци за акцизниот обврзник, податоци во врска со банкарската сметка на која ќе се изврши враќањето на акцизата, основот за враќање на акцизата, документи за докажување на основаноста на барањето и доказ за платена акциза.

(2) Барањето од став (1) на овој член се поднесува во електронска форма преку компјутерскиот систем на Царинската управа.

(3) За враќање на платената акциза се доставуваат фактури или сметки во оригинал, во кои е наведено акцизното добро според кое може да се утврди износот на акцизата и/или е искажана пресметаната и платената акциза.

Член 15

(1) Ослободувањето од акциза од член 48 став (1) точка 3) од законот, за акцизни добра кои патникот кој доаѓа од странство ги носи со себе во личниот багаж и ослободувањата од член 48 став (1) точка 4) од законот, за акцизни добра кои едно физичко лице од странство повремено му ги испраќа во мали пратки на физичко лице во Република Северна Македонија, во количини кои немаат комерцијален карактер и доколку истите се ослободени од плаќање на увозни давачки согласно царинските и даночните прописи, се остварува истовремено со ослободување од царинските давачки согласно Царинскиот закон.

(2) Согласно член 48 став (5) точки 1) и 2) од законот од плаќање на акциза се ослободуваат акцизни добра кои заради утврдување на нивниот состав, квалитет или други технички карактеристики, се наменети како проба за анализа, за неопходни производствени тестови, за научни цели или за научно-истражувачки цели или за контрола на квалитетот, на начин во кој акцизните добра во целост треба да се употребат или уништат.

(3) За остварување на правото за ослободување од плаќање акциза согласно член 48 став (5) точки 1) и 2) од законот, подносителот на барањето треба да ги достави следните документи:

1) изјава за наменско користење на акцизните добра во согласност со условите во став (3) на овој член;

2) фактура или друг документ во кој е наведена количината на акцизните добра за кои се бара ослободување од плаќање на акциза која треба да соодветствува со став (1) точка 2) на овој член и

3) одобрение за акцизно повластено користење или акцизна дозвола.

(4) Доколку акцизните добра подлежни на акциза за кои не е настаната акциза, се неупотребливи и поради тоа треба да се уништат под царински надзор согласно член 48 став 5 точка 4) од законот, држателот на акцизен склад или повластениот корисник начинот на ослободувањето од плаќање акциза го вршат со поднесување на барање за уништување во писмена форма и во електронска форма преку компјутерскиот систем на Царинската управа и со уништување на акцизното добро под царински надзор.

(5) Со поднесеното барање за уништување, држателот на акцизен склад или повластениот корисник го известува надлежниот царински орган за местото, видот и количината на акцизните добра што имаат намера да ги уништат, при што ја опишуваат причината за неупотребливоста на акцизните добра и приложуваат соодветни докази и предлагаат начин на уништување на акцизните добра.

(6) Уништувањето се спроведува во зависност од видот на акцизното добро на начин да биде потполно уништено или целосно неупотребливо како акцизно добро.

Член 16

Одобрението за повластен корисник ги содржи следните податоци:

- идентификациски број на одобрението;
- податоци за идентификација на повластениот корисник;
- идентификациски број за секое овластено место на користење на акцизните добра согласно одобрението;
- податоци за локацијата на овластеното место на користење;
- видовите и количините на акцизни добра кои можат да се користат во овластеното место за користење со шифра на акцизните добра и шифра за повластено користење;
- обврски на повластениот корисник;
- податоци за гаранцијата за обезбедување на плаќање на акцизата;
- надлежен орган за надзор над исполнетоста на условите под кои е издадено одобрението;
- датум на издавање на одобрението и
- рок на важност на одобрението.

Член 17

Исполнувањето на условите за издавање на одобрение за повластен корисник наведени во член 50 од законот се докажува со приложување на следните документи:

- решение од Централниот регистар на Република Северна Македонија од кое може да се види дејноста на подносителот на барањето;
- доказ за сопственост или закуп на просториите и/или просторот на повластеното користење, опремата за вршење на дејноста и мерните уреди;
- потврда за Биланс на успех и Биланс на состојба за последните две години;
- потврда од Централниот регистар на Република Северна Македонија дека против подносителот на барањето не е отпочната постапка за стечај или ликвидација;
- потврда од Централниот регистар на Република Северна Македонија дека против подносителот на барањето не е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност, привремена забрана за вршење одделна дејност и трајна забрана за вршење одделна дејност;
- потврда од основен суд дека подносителот на барањето не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор за сторено кривично дело од областа на даноците и царините;
- потврда од Управата за јавни приходи дека подносителот на барањето редовно ги исполнува даночните обврски, не постара од 30 дена;
- потврда за воспоставени стандарди и процедури во работењето, стандарди за безбедности сигурност на областите на физички интегритет, воспоставени служби за контрола на пристап на вработените и на надворешни лица, назначени одговорни лица за логистички процеси и за ракување со акцизните добра, или потврда за стекнат статус на овластен економски оператор;
- доказ дека подносителот на барањето поседува опрема за исполнување на условите за електронска размена на податоци;
- изјава со која барателот на одобрение за повластен корисник се обврзува дека пред издавање на одобрението ќе достави гаранција за обезбедување на плаќањето на акцизата;
- потврда од надлежна институција за минимални технички услови кои треба да ги исполнува местото на повластено користење;
- потврда од надлежна институција за минимални хигиенско-санитарни услови на местото на повластено користење;
- потврда од надлежна институција за исполнети мерки, нормативи и стандарди за заштита при работа на местото на повластено користење;
- известување за започнување со вршење на дејност доставено до Министерството за труд и социјална политика – Државен инспекторат за труд;
- записник за извршен инспекциски надзор од областа на безбедност и здравје при работа изготвен од страна на Министерството за труд и социјална политика – Државен инспекторат за труд и
- пријава за исполнување на минимално техничките услови за вршење на трговија и започнување со работа на продажен или друг деловен објект, доставена до Министерството за економија – Државен пазарен инспекторат.

Член 18

(1) Барањето за издавање на одобрение за повластен корисник на акцизни добра ги содржи следните податоци:

- податоци за идентификација на подносителот на барањето (назив, седиште, адреса и податоци за контакт, единствен даночен број);
- податоци за одговорното лице на подносителот на барањето;
- видови и трговски назив на акцизните добра за кои се бара ослободување од акциза за цели од член 74 и член 99 од законот според тарифните ознаки од номенклатурата на царинската тарифа;
- податоци за локациите на местото на повластено користење и
- количините на акцизните добра кои се потребни за производството односно повластено користење во текот на една календарска година со шифра за повластено користење.

(2) Кон барањето од став (1) на овој член се приложува следната документација:

- технички опис на просториите и/или просторот за повластено користење вклучувајќи и скица на објектот и околината на објектот;
- опис на деловни активности каде ќе се користат акцизните добра со повластена акциза;
- податоци за локацијата, скица и опис на просториите (производни, складишни или слични) во кои ќе бидат сместени и употребувани повластените акцизни добра;
- нормативи за употреба на акцизното добро при производство;
- опис на намената на акцизното добро за кое се бара ослободување од акциза;
- податоци за опремата потребна за извршување на дејноста во поглед на утврдување на количините и употребата на акцизните добра;
- опис на поединечни производни постапки и норматив за користење на акцизното добро кога истото се користи во производствен процес;
- податоци за уредите кои овозможуваат мерење на примени, потрошени и количини на залиха на акцизни добра со одобрение од надлежен орган за метрологија (во случај кога акцизното добро не се користи во непроменета амбалажа);

- информација со податоци за опремата потребна за извршување на акцизната дејност;

- технолошка шема со опис на производниот процес, стандардни трошоци, максимални вредности на технолошките загуби и техничка спецификација во случај на производство;

- информација за годишни планирани количини на основни суровини што ќе се користат при производство и стапки на расходи за финалниот производ, во случај на користење на акцизните добра во производство;

- информација со податоци за планираните годишни количини на производство на акцизни добра и за планираните годишни количини на складирани акцизни добра по одделни видови;

- детален опис за начинот на одредување и утврдување на губитоците или кусоци;

- опис на постапката на прием на акцизните добра од акцизен склад по видови акцизни добра;

- опис на матерјално и сметководствено следење на повластените акцизни добра и - информација за местото на водење на главното сметководство.

Член 19

Одобрението за повластен корисник се издава со верификација во електронскиот регистар за одобренија за повластен корисник и при тоа се доделува единствен регистерски број.

Член 20

Електронскиот Регистар на одобренија за повластени корисници на акцизни добра ги содржи следните податоци:

- идентификациски број на одобрението;

- идентификациски број на повластениот корисник;

- име и адреса на седиште на повластениот корисник;

- идентификациски број, адреса и намена на овластеното место на користење;

- листа на акцизните добра со шифри на кои се однесува акцизното одобрение и

- датумот на издавањето на одобрението, датум на важење и датумот на престанување на важноста на одобрението.

Член 21

(1) Исполнувањето на обврските од член 53 став (1) од законот се врши преку спроведување на надзор и следење на работата, констатирање и пријавување на неправилности и отстранување на истите, соодветно чување на акцизните добра во местото на повластено користење и користење на акцизните добра согласно намената за која е издадено одобрението за повластен корисник, надгледување на постапките за прием, чување и употреба на акцизните добра наведени во член 53 став (1) точка 3) од законот, и редовно и во електронска форма да ги следи и да оверува е-АД документ со потврда на приемот на акцизните добра кои се движат од имателот на акцизна дозвола до повластениот корисник преку користење на компјутерскиот систем на Царинската управа.

(2) Месечниот извештај за набавени, увезени, складирани, пренесени и потрошени акцизни добра по видови и количини за секое место на повластено користење кое се поднесува во електронска форма со користење на компјутерскиот систем на Царинската управа ги содржи податоците за набавени, увезени, складирани, пренесени и потрошени акцизни добра по видови и количини за секое место на повластено користење.

Член 22

(1) Барањето за измена на одобрението за повластен корисник на акцизни добра се поднесува во случаите кога се бара промена на количините на акцизните добра за повластено користење, отварање или затварање на места за повластено користење или кога имателот на одобрението предвидува да направи структурни промени (проширување, намалување, доградба и слично) или дополнително инсталирање на нова инфраструктура (опрема, машини, уреди, цевки, резервоари и слично) кои се директно поврзани со користењето на акцизните или се бара дополнителна активност со ново акцизно добро.

(2) Барањето од став (1) на овој член содржи податоци и документи наведени во член 18 од овој правилник и докази за исполнување на предвидените услови во член 17 од овој правилник согласно бараните измени во одобрението за повластен корисник.

Член 23

(1) Исполнувањето на условите согласно член 95 ставови (2) и (3) се докажува со доказ за платена акциза или со одобрение за повластен корисник на акцизни добра.

(2) Обележувањето на резервоарите во акцизниот склад за производство на енергенти се врши согласно податоците кои се содржани во издадената акцизна дозвола по чие издавање се врши обележување на секој поединечен акцизен склад со шифра и код кој е генериран од електронската евиденција на акцизната дозвола.

(3) Обележувањето се врши со прицврстување табла со натпис “АКЦИЗЕН СКЛАД“ од цврст материјал поставена на видно место, на која со големи букви и бројки е испечатен бројот на акцизниот склад.

Член 24

(1) Обележувањето на резервоарите за складирање на енергенти во акцизниот склад се врши согласно податоците кои се содржани во издадената акцизна дозвола по чие издавање се врши обележување на секој поединечен акцизен склад со шифра и код кој е генериран од електронската евиденција на акцизната дозвола.

(2) Обележувањето се врши со прицврстување табла со натпис “АКЦИЗЕН СКЛАД“ од цврст материјал поставена на видно место, на која со големи букви и бројки е испечатен бројот на акцизниот склад.

Член 25

Известувањето во случај на непредвидени околности и виша сила кога држателот превзема дејства согласно член 97 став (4) се врши преку оперативниот центар на Царинската управа со опис за настанатата состојба, превземените активности со опис на настанатата штета, количините на уништени и/или изгубени акцизни добра опишани по вид и тарифна ознака.

Член 26

(1) Барањето за враќање на акциза за течен нафтен гас содржи податоци за потрошена количина на нафтен гас во даден период, намената и местото каде е потрошена наведената количина на нафтен гас, податоци од фактури и/или увозни царински декларации за износите на платена акциза и количина набавен течен нафтен гас, како и податоци за банката и сметката на која треба да се изврши враќањето на платената акциза.

(2) Кон барањето од став (1) на овој член се приложува следната документација:

- решение и тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

- детален опис на дејноста, за која се користи течен нафтен гас како погонско гориво или како додаток на друго минерално масло како погонско гориво, во индустријата, и локацијата на производството, каде што ќе се користи течниот нафтен гас;

- изјава на одговорното лице, на лицето кое врши индустриска дејност, за месечната, односно годишната потрошувачка на течен нафтен гас како погонско гориво или како додаток на друго минерално масло како погонско гориво во процесот на производство, за претходните три години и планирана потрошувачка во тековната и наредната календарска година;

- изјава на одговорното лице, на лицето кое има намера да врши индустриска дејност, за планираната месечна, односно планирана годишната потрошувачка на течен нафтен гас како погонско гориво или како додаток на друго минерално масло како погонско гориво во процесот на производството, за тековната и наредната календарскагодина;

- фактура за набавен течен нафтен гас или царинска декларација за увезен течен нафтен гас и

- други докази за оправданоста за враќање на акцизата од евиденцијата на лицето кое бара враќање, за количините на течен нафтен гас кои се употребени како погонско гориво или како додаток на друго минерално масло како погонско гориво, во индустријата, во периодот за кој се бара враќање.

(3) Враќањето на акцизата за течен нафтен гас се врши со прифаќање и верификување на регистрираното електронското барање за враќање на платената акциза, за што подносителот на барањето добива електронска порака од компјутерскиот систем на Царинската управа.

Член 27

Ослободувањето на енергентите и електричната енергија се врши со издавање на одобрение за повластен корисник на акцизни добра согласно член 49 од законот.

Член 28

(1) Барањето за издавање на одобрение за ослободување од акциза за енергенти при реализација на проекти содржи податоци за:

- идентификација на подносителот на барањето (назив, седиште, адреса и податоци за контакт, единствен даночен број);

- одговорното лице на подносителот на барањето;

- називот на проектот;

- податоци за Имплементаторот задолжен за реализирање на проектот;

- датум на договорот склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и странскиот донатор и

- видови и трговски назив на акцизното добро кои се ослободува од акциза, според тарифните ознаки од номенклатурата на царинската тарифа.

(2) Кон барањето за издавање на одобрение за ослободување од акциза за енергенти при реализација на проекти согласно член 100 од законот се приложува потврда за регистрација на проектот која содржи податоци за називот на проектот на македонски и англиски јазик, вредноста на донацијата за соодветниот проект, име на имплеменаторот кој е задолжен за реализирање на проектот и датум на договорот во кој има клаузула дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на јавни давачки во Република Северна Македонија.

Член 29

Одобрението за ослободување од акциза за енергенти при реализација на проекти ги содржи следниве податоци:

- идентификациски број на одобрението;

- податоци за идентификација на имателот на одобрението;

- називот на проектот;

- податоци за Имплементаторот задолжен за реализирање на проектот,

- датум на договорот;

- видови на акцизни добра ослободени од акциза со шифри од комбинираната номенклатура и шифрата на акцизното добро;

- обврски на имателот на одобрението;

- надлежен орган за надзор над исполнетоста на условите под кои е издадено одобрението за ослободување од акциза за енергенти при реализација на проекти,

- датум на издавање на одобрението и

- рок на важност на одобрението.

Член 30

Ослободувањето од акциза за енергенти при реализација на проекти се остварува преку поднесување на барање за добивање на одобрение за ослободување од акциза за енергенти при реализација на проекти согласно член 100 став (3) од законот со верификација и доделување на единствен регистарски број.

Член 31

(1) Енергентите од член 92 став (3) точка 2) од законот, кои се употребуваат како горива за греење треба да бидат обележани со средство за обележување со црвена боја (C.I. Solvent Red 19) и енергентите од член 92 став (3) точка 4) од законот кои се употребуваат како керозин за греење треба да бидат обележани со зелена боја и треба да содржат индикатор ACCUTRACE™ PLUS, без боја со научно име Butoksibenzen (регистарски број CAS (Chemical Abstracts Service) 1126-79-0, во количина од најмалку 12,5 милиграми и најмногу 18,75 милиграми по литар енергент што одговара на ниво на означување од најмалку 9,5 милиграми и најмногу 14,25 милиграми butoksibenzen по литар енергент.

(2) Црвената односно зелената боја треба да бидат во количина која е видлива и која дава визуелна разлика меѓу гасното масло како погонско гориво гасното масло како гориво за греење, односно помеѓу керозинот како погонско гориво и керозинот за греење.

(3)Средството за обележување со црвена или зелена боја се состои од:

- 5 gr. N-Ethyl-1-(4-phenylazophenylazo)-naphtyl-2-amin или

- 6,5 gr. N-Ethylhexyl-1-(4-tolylazotolylazo)-naphtyl-2-amin или

- 7,4 gr. N-Tridecyl-1-(4-tolylazotolylazo)-naphtyl-2-amin или мешавина од овие материи со слично дејство на бојосување, рамномерно растворени во 1.000 килограми енергент.

(4)Количината и присутноста на индикаторот ACCUTRACE™ PLUS од ставот (1) на овој член се одредува според хармонизираната референтна метода на Европската унија за докажување на Еуромаркерот.

(5)Обележувањето на енергентите од став (1) од овој член се врши со уред и опрема за дозирање на средството за обележување на енергентите.

(6) Одобрението за обележување на енергенти содржи податоци за акцизниот склад во кој ќе се врши обележувањето, податоци за уредот и опремата која е инсталирана и податок за број на пломба/и доколку уредите и опремата се пломбирани од страна на надлежен царински орган.

Член 32

(1) Исполнетоста на условите за издавање на одобрение за вршење на трговија со енергенти кои содржат материи за обележување наведени во член 103 став (4) од законот се докажува со приложување на следните документи:

- решение од Централниот регистар на Република Северна Македонија од кое може да се види дејноста и седиштето на подносителот на барањето;

- документ за сопственост или закуп на просториите и/или просторот за производство, опремата за вршење на дејноста и мерните уреди;

- потврда од Централниот регистар на Република Северна Македонија дека против подносителот на барањето не е отпочната постапка за стечај или ликвидација;

- потврда од Централниот регистар на Република Северна Македонија дека против подносителот на барањето не е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност, привремена забрана за вршење одделна дејност и трајна забрана за вршење одделна дејност;

- потврда од основен суд дека подносителот на барањето не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор за сторено кривично дело од областа на даноците и царините;

- потврда од Управата за јавни приходи дека подносителот на барањето редовно ги исполнува даночните обврски, не постара од 30 дена и

- доказ дека подносителот на барањето поседува опрема за исполнување на условите за електронска размена на податоци.

- известување за започнување со вршење на дејност доставено до Министерството за труд и социјална политика – Државен инспекторат за труд;

- записник за извршен инспекциски надзор од областа на безбедност и здравје при работа изготвен од страна на Министерството за труд и социјална политика – Државен инспекторат за труд и

- пријава за исполнување на минимално техничките услови за вршење на трговија и започнување со работа на продажен или друг деловен објект, доставена до Министерството за економија – Државен пазарен инспекторат.

(2) Барањето за издавање на одобрение за вршење трговија со енергенти кои содржат материи за обележување ги содржи следните податоци:

- податоци за идентификација на подносителот на барањето (назив, седиште, дејност, адреса и податоци за контакт, единствен даночен број);

- податоци за одговорното лице на подносителот на барањето;

- податоци за локациите на објектите каде ќе се извршува дејноста трговија со обележани енергенти;

- податоци за капацитет на резервоарите во кои се складираат обележаните енергенти и

- број на продажни места за точење на обележани енергенти за секоја малопродажна локација.

(3) Кон барањето од став (2) на овој член се доставуваат следните документи:

- решение од Централниот регистар на Република Северна Македонија од кое може да се види дејноста на подносителот на барањето;

- податоци за локациите на објектите каде ќе се извршува дејноста трговија со обележани енергенти со бројот на продажни места за точење на обележани енергенти за секоја малопродажна локација;

- вид и тарифни ознаки на обележани енергенти;

- податоци за уредите кои овозможуваат мерење на примени, издадени и количини на залиха на обележани енергенти со прилог одобрение од надлежен орган за метрологија и

- информација за местото на водење на главното сметководство.

Член 33

Одобрението за вршење трговија со енергенти кои содржат материи за обележување ги содржи следните податоци:

- идентификациски број на одобрението;

- податоци за идентификација на лицата кои вршат дејност трговија со обележани енергенти (назив, седиште, дејност, адреса, податоци за контакт и единствен даночен број);

- податоци за одговорното лице на одобрението за вршење трговија со обележани енергенти;

- идентификациски број за секое овластено место каде ќе се извршува дејноста трговија со обележани енергенти;

- податоци за капацитет на резервоарите во кои се складираат обележаните енергенти,

- број на продажни места за точење на обележани енергенти за секоја малопродажна локација;

- вид на акцизни добра кои можат да се користат во овластеното место за трговија со обележани енергенти и шифра на акцизните добра;

- обврски на имателот на одобрение за вршење трговија со обележани енергенти;

- надлежен орган за надзор над исполнетоста на условите под кои е издадено одобрението за вршење трговија со обележани енергенти;

- датум на издавање на одобрението за вршење трговија со обележани енергенти и

- рок на важност на одобрението за вршење трговија со обележани енергенти.

Член 34

Електронскиот Регистар на трговци со обележани енергенти ги содржи следните податоци:

- идентификациски број на одобрение за вршење трговија со обележани енергенти;

- назив и Единствениот даночен број ЕДБ на имателот на одобрението за вршење трговија со обележани енергенти;

- адреса на седиштето на имателот на одобрението за вршење трговија со обележани енергенти;

- број на овластени места за трговија со обележани енергенти и адреса;

- вид на обележан енергент со шифра и

- датумот на издавањето, датум на важење и датум на престанување на важноста на одобрението за вршење трговија со обележани енергенти.

Член 35

(1) Евиденцијата на лицата кои купуваат енергенти кои содржат материи за обележување ги содржи следните податоци:

- име и презиме, ако купувачот е физичко лице или назив на правното лице;

- единствен матичен или единствен даночен број на купувачот на обележен енергент,

- адреса на живеење или седиште на правното лице кое купува обележен енергент,

- вид и количина во литри на купен обележан енергент;

- датум и време на продажбата на обележаниот енергент;

- продажно место на обележаниот енергент;

- број на фискална каса и број на сметка од системот за евиденција на продажба на трговецот на мало на обележани енергенти;

- број на фактура или број на сметка во случај на продажба на големо од склад за трговија на големо со обележани енергенти.

(2) Известувањето во случај на прекин на комуникацијата и преносот на податоците во период подолг од 24 часа содржи опис за настаниот прекин и ги содржи истите податоци од пораката која се разменува со серверот кај надлежниот царински орган.

Член 36

Записникот од извршениот попис во случај на зголемување на акцизата за енергенти содржи податоци за затечени залихи на енергенти во складовите за трговија на големо, одделно по вид на енергенти и количини во секој поединечен резервоар, затечени количини енергенти во транспортните средства – цистерни, затечени залихи на енергенти во резервоарите на бензинските станици за малопродажба, одделно по вид и количина за секој резервоар поединечно, вклучително и затечените количини во други складови и простори на производителот, увозникот, трговецот на големо и трговецот на мало каде се чуваат и складираат енергентите.

Член 37

(1) Акцизната декларација за пресметка на акциза за електрична енергија содржи податоци за испорачана електрична енергија и податоци за пресметка на акцизата.

(2) Акцизната декларација од став (1) на овој член се пополнува во електронска форма со користење на компјутерскиот систем на Царинската управа.

Член 38

Остварувањето на правото за ослободување од плаќање на акциза за електрична енергија согласно одредбите од член 107 став (1) од законот се врши со поднесување на месечна пријава за користење на електрична енергија.

Член 39

(1) Акцизна декларација за пресметка на акциза за природен гас содржи податоци за испорачана количина на природен гас и податоци за пресметка на акцизата.

(2) Акцизната декларација од став (1) на овој член се пополнува во електронска форма со користење на компјутерскиот систем на Царинската управа.

Член 40

Остварувањето на правото за ослободување од плаќање на акциза за природен гас согласно одредбите од член 110 став (1) од законот се врши со поднесување на месечна пријава за користење на природен гас.

Член 41

(1) Акцизната декларација за пресметка на акциза за јаглен, кокс, лигнит и нафтен кокс содржа податоци за испорачана количина на јаглен, кокс, лигнит и нафтен кокс и податоци за пресметка на акцизата.

(2) Акцизната декларација од став (1) на овој член се пополнува во електронска форма со користење на компјутерскиот систем на Царинската управа.

Член 42

Остварувањето на правото за ослободување од плаќање на акциза за јаглен, кокс и лигнит согласно одредбите од член 113 став (1) од законот се остварува преку одобрение за повластен корисник на акцизни добра.

Член 43

(1) Електронскиот Регистар на акцизни обврзници на електрична енергија, природен гас, јаглен, кокс, лигнит или нафтен кокс ги содржи следните податоци:

- идентификациски број на одобрение за акцизен обврзник на електрична енергија, природен гас, јаглен, кокс, лигнит или нафтен кокс;
- назив и ЕДБ на имателот на одобрението за акцизен обврзник на електрична енергија, природен гас, јаглен, кокс, лигнит или нафтен кокс;
- адреса на седиштето на имателот на одобрението за акцизен обврзник на електрична енергија, природен гас, јаглен, кокс, лигнит или нафтен кокс;
- вид на енергент со шифра и
- датумот на издавањето, датум на важење и датум на престанување на важноста на одобрението за акцизен обврзник на електрична енергија, природен гас, јаглен, кокс, лигнит или нафтен кокс.

(2) Одобрението за акцизен обврзник на електрична енергија, природен гас, јаглен, кокс, лигнит или нафтен кокс ги содржи следниве податоци:

- идентификациски број на одобрението;
- податоци за идентификација на имателот на одобрението;
- податоци за локацијата на акцизните простори и/или простории за вршење на дејноста и нивната намена;
- обврски на имателот на одобрението;
- надлежен орган за надзор над исполнетоста на условите под кои е издадено одобрението
- датум на издавање на одобрението и
- рок на важност на одобрението.

(3) Месечниот извештај за набавени, испорачани и потрошени количини на електрична енергија, природен гас, јаглен, кокс, лигнит и нафтен кокс содржи податоци за набавени, испорачани и потрошени количини на електрична енергија, природен гас, јаглен, кокс, лигнит и нафтен кокс.

(4) Евиденцијата за електрична енергија, природен гас, јаглен, кокс, лигнит и нафтен кокс содржи податоци за:

- превземената количина на електрична енергија;
- превземената количина на електрична енергија внесена од други земји членки за сопствени потреби;
- превземената количина на електрична енергија увезена во Република Северна Македонија за сопствени потреби;
- произведената количина на електрична енергија за сопствени потреби;
- набавени (превземени) количини на електрична енергија ослободени од плаќање на акциза;
- испорачаната количина на електрична енергија на крајниот купувач;
- испорачаната количина на електрична енергија ослободена од плаќање на акциза;
- испорачаната количина на електрична енергија испратена при увоз/извоз и
- потрошената количина на електрична енергија за сопствени потреби.

Член 44

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на оданочување со акциза на енергенти и електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 279/19).

Член 45

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 23-412/1
24 јануари 2024 година
Скопје

Министер за економија,
**Фатмир Бесими,** с.р.

**ПРИЛОГ**

**Барање за прифаќање на гаранција**

**Образец АК-БГ**

| **БАРАЊЕ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ГАРАНЦИЈА** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Податоци за подносителот на барањето** | | | | |
| | Назив | | | | |
| | Адреса | | | | |
| | Даночен број | | Матичен број | | |
| | Одговорно лице | | Лице за контакт | | |
| | Телефон/Телефакс | | Е-маил | | |
| **2.** | **Податоци за гаранцијата** | | | | |
| **2.1** | **Банкарска гаранција** | | | | |
| | Денарски износ на гаранцијата | | | | |
| | Гарант кој ја издал гаранцијата | | | | |
| | Важност на гаранцијата | од: | | до: | |
| | Рок за наплата на гаранцијата | | | | |
| | Евидентен број на гаранција | | | | |
| | Општа гаранција | | | | ☐ |
| | Поединечна гаранција | | | | ☐ |
| **2.2** | **Готовински депозит** | | | | |
| | Денарски износ на готовинскиот депозит | | | | |
| **3.** | **Пресметан акцизен долг** (Прилог Пресметка) | | | | |
| | Износ на акциза за просечна месечна количина на складирани акцизни добра | | | | |
| | Износ на акцизата на просечна месечна количина на акцизни добра пуштени во слободен промет | | | | |
| | Износ на акциза за годишна планирана количина на акцизни добра наменети за повластено користење | | | | |
| | Износ за обезбедување на акцизен долг за акцизни марки | | | | |
| **4.** | **Во акцизната постапка учествувам како:** | имател на акцизна дозвола | | | ☐ |
| | | повластен корисник на акцизни добра | | | ☐ |
| | | корисник на акцизни марки | | | ☐ |
| | | акцизен обврзник од член 105, 108 и 111 од Законот за акцизи | | | ☐ |
| | | мал независен производител на етил алкохол | | | ☐ |
| **5.** | **Царинска испостава во која ќе се употребува гаранцијата при увоз/извоз** (се запишува шифрата и името на една или повеќе царински испостави) | | | | |
| | Шифра и име | | | | |
| **6.** | **Вид на акцизни добра со детален опис и тарифна ознака** | | | | |
| **7.** | **Количина на акцизно добро и единица мерка** | | | | |
| **8.** | **Изјави на акцизниот должник** | | | | |
| | Изјавувам дека сум регистриран на акцизното подрачје на Република Северна Македонија | | | | ☐ |
| | Изјавувам дека имам историја на почитување на акцизните и даночните барања | | | | ☐ |
| | Изјавувам дека сум редовен корисник на следните акцизни постапки | Производство на акцизни добра | | | ☐ |
| | | Складирање на акцизни добра | | | ☐ |
| | | Повластен корисник на акцизни добра | | | ☐ |
| | | Пуштање во слободен промет на акцизни добра | | | ☐ |
| | | Увоз на акцизни добра | | | ☐ |
| | Изјавувам дека при настанување на акцизен долг, за што ќе бидам известен со известување и пресметка, согласен сум истиот да се наплати од готовинскиот депозит депониран во ЦУ, без дополнителна опомена. | | | | ☐ |
| | Барам остатокот од средства на депозитот да ми се вратат по службена должност на жиро сметка бр.________________________, по престанување на потребата од обезбедување на плаќање на долгот. | | | | ☐ |
| **9.** | **Подносител на барањето** | | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Име и презиме на одговорно лице | | |
| | Потпис на одговорно лице | | (м.п.) |
| **10.** | **Прилози** | | |
| | | | |

| **ПОПОЛНУВА ЦАРИНСКА УПРАВА** | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Согласно член 30 од Законот за акцизите, а врз основа на податоците наведени во ова барање, Царинската управа ОДОБРУВА поднесување гаранција за обезбедување на акцизен долг за: | | |
| | — акцизен склад<br>— подигнати акцизни марки<br>— повластено користење на акцизни добра | | ☐<br>☐<br>☐ |
| 2 | <u>**Лицето од точка 1 на ова барање:**</u><br>— е регистрирано на акцизното/царинското подрачје на Република Северна Македонија,<br>— има историја на почитување на акцизните и даночните барања,<br>— е редовен корисник на предметните акцизни постапки или е познато на царинскиот орган дека има капацитет да ги исполни неговите обврски во однос на тие постапки. | | |
| 3 | Број<br>Скопје,<br>**Евидентен број на гаранцијата** | (м.п.) | Овластено лице,<br><br>________________<br>(потпис) |